

# РЕАГИРАЈ!

## ТВОИТЕ ПРАВА НЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ЗЛОУПОТРЕБА!

### Како да пријавиш незаконско и непрофесионално постапување или некоректно однесување


Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punëve të Brendshme
ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

# ШТО ПРЕТСТАВУВА МЕХАНИЗМОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА НАД ПОЛИЦИЈАТА?

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) е **посебна организациска единица** на Министерството за внатрешни работи **и внатрешен** контролен механизам на Министерството за внатрешни работи што е одговорен за **утврдување појави на незаконско, непрофесионално и некоректно постапување на полициските службеници** во вршењето на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластувања и во постапувањето на другите работници во Министерството за внатрешни работи.

До Одделот за внатрешна контрола може да се обрати секој граѓанин што смета дека неговите права и слободи биле **повредени од страна на полициски службеник.**

## КОГА МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ ПРЕТСТАВКА ДО ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА?

**Можете да поднесете претставка до внатрешниот механизам за контрола доколку верувате дека:**

- вие сте жртва на незаконско и непрофесионално постапување на полицијата;
- имате сознанија за коруптивно/казниво однесување на полициските службеници;
- се чувствувате навреден/а поради однесувањето на полициските службеници;
- повредени се вашите слободи и права.

# ШТО ПРЕТСТАВУВА НЕЗАКОНСКО, НЕПРОФЕСИОНАЛНО И НЕКОРЕКТНО ПОСТАПУВАЊЕ?

**Незаконско постапување**, во согласност со Правилникот на Одделот за внатрешна контрола, е злоупотреба или пречекорување на овластувањата што ги имаат вработените во МВР, како при вршење на нивните работни задачи така и при спроведување на стандардните постапки и процедури во работата на полицијата, со кои се извршува противправно дејство што со закон е определено како кривично дело, кое е сторено при вршење на службено дејство или на кривично дело надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, или друго противправно дејство.

**Непрофесионално постапување,** во согласност со Правилникот на Одделот за внатрешна контрола, е постапување на работниците спротивно на правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во Министерството и во полицијата при спроведувањето на законите и на подзаконските прописи, односно непочитување на стандардите и на процедурите за постапување на работниците при извршувањето на работните задачи, како и неизвршување на работните задачи во рамките на делокругот на надлежности на конкретната организациска единица во Министерството и во полицијата.

**Некоректно однесување,** во согласност со Правилникот на Одделот за внатрешна контрола, е постапување на работниците спротивно на одредбите на Кодексот на полициска етика и подзаконските прописи што ги регулираат меѓусебните односи на работниците во Министерството.

## ВО КОИ СЛУЧАИ ГРАЃАНИТЕ **НЕ** МОЖАТ ДА ПОБАРААТ ПОМОШ ОД ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА?

Важно е граѓаните да знаат дека пријави за кривични дела и прекршоци (или казниви дела) што **НЕ** се извршени од полициски службеници се пријавуваат во полициска станица, а не во Одделот за внатрешна контрола.

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА?

Одделот за внатрешна контрола (ОВККИПС) постапува со цел : (1) утврдување на непрофесионално, незаконито и некоректно постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи; (2) за санкционирање на таквото постапување; (3) превенирање на таквото постапување.

**Правната рамка што ја регулира работата на Одделот за внатрешна контрола ја сочинуваат:**

- Законот за внатрешни работи;
- Законот за полиција;
- Законот за кривична постапка;
- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Правилникот за вршење на работни обврски на ОВККИПС;
- Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР;
- Стратегискиот план на МВР 2023–2025;
- Антикорупциската програма;
- Програмата за работа на ОВККИПС;
- Планот за интегритет на МВР 2023–2025.

**На поднесена претставка се постапува според Законот за претставки и предлози.**

# КАКО ДА ПОБАРАТЕ ПОМОШ ОД ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА?

Доколку сте се соочиле со незаконско и непрофесионално постапување и некоректно однесување на полициски службеник со кое сметате дека Вашите права и слободи биле повредени, можете да поднесете претставка до Одделот за внатрешна контрола.

Пријавата може да се поднесе електронски, телефонски и лично.

- електронски, на е-адреса: prijavi_i_poplaki@moi.gov.mk;
- телефонски, на телефонските броеви 199 и 192;
- лично, на записник за усно поднесена претставка во најблиската полициска станица;
- лично, на записник за усно поднесена претставка во Одделот за внатрешна контрола;
- писмено, преку писарницата во МВР.

Доколку не сте сигурни дали треба да поднесете претставка до Одделот за внатрешна контрола, или доколку ви треба помош околу поднесувањето, можете да се обратите за советување на истите адреси наведени погоре.

Претставката може да се поднесе и на друг јазик, освен на официјалните јазици во државата, по што ќе добиете одговор на истиот јазик.

Одделот за внатрешна контрола е должен да достави одговор во рок од 30 дена од поднесената претставка со информации за утврдената состојба, евентуалните преземени мерки или за статусот на вашата пријава.
Доколку наводите во претставката не се во надлежност на Одделот за внатрешна контрола, ќе добиете насока каде да се обратите.

Во согласност со Законот за предлози и претставки, не постои можност за жалба до Одделот за внатрешна контрола доколку се утврди дека претставката е неоснована.  Доколку подносителот е незадоволен од исходот од претставката, може да се обрати до надворешните механизми за контрола на работата на полицијата, а тоа се:

Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола

- **www.ombudsman.mk**
- **ул. „Македонија" бр.19, 1000 Скопје**
- **02 3129 335**
- **contact@ombudsman.mk**

Специјализираното одделение за истражување и гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК)

- **www.jorm.gov.mk**
- **Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје**
- **+389  (02)3298-288**
- **jorm@jorm.org.mk**

## ЗОШТО Е ВАЖНО ДА ПОДНЕСЕТЕ ПРЕТСТАВКА?

Поради граѓаните: Поради заштита на човековите слободи и правата загарантирани со Уставот на Р. Северна Македонија; за да се чувствувате безбедно и достоинствено.

Поради полицијата: За полицијата да може да дејствува на подобрување на квалитетот на својата работа и, истовремено, да ја зацврсти довербата на јавноста.

Доколку поднесете претставка во случај на прекршување на вашите права и слободи од страна на полицијата, освен што се заштитувате себеси и своите сограѓани, ја остварувате и својата должност како одговорен граѓанин, со што придонесувате кон поправедно општество и борба против корупцијата.